**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

**-д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 16.11.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5652 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Јавно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1);

3. **Период опфатен со надзорот**: од 1 до 10 ноември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 16 ноември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*“).
- **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*“).
- **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Вкупното време на новинарските прилози методолошки селектирани за анализа во периодот од 1 до 10 ноември, емитувани во Дневникот 2 (19:30 часот) на МРТ1, изнесува – 2 часа и 53 минути.

На 2, 7, 9 и 10 ноември, поради преноси од ракомет и од кошарка, изданијата на Дневникот 2 се поместени или од 19:45 или по 20 часот.

Анализата на емитуваните содржини, непосредно поткрепена со статистиката за минутажата на застапените субјекти - покажува дека Информативната редакција што го подготвува централниот ТВ Дневник 2 на МРТ1 ги следи комплексните општествени и политички процеси преку полифонично сопоставување релевантни гледишта, но - во десетдневниот период од 1 до 10 ноември, станува забележливо емитувањето прилози – најчесто извештаи од прес-конференции, соопштенија и изјави од важни чинители на општествено-политичкиот живот - на кои и поради технички причини и од аспект на уредувачки критериум за селекција на содржина, им недостига – авторски и продукциски идентитет. Имено, во одредени прилози - не е потпишан ни новинарот, ни снимателот, ни монтажерот. Одредени изданија на ТВ Дневникот 2 (типичен пример е изданието од 5 ноември 2016 година), како централна информативна емисија, прилегаат на – математички исцртан образец - или поточно – на крут шаблон, во кој само се исполнува количествена компензација на партиските информативни минутажи, што, пак, во никој случај не може да биде соодветен супститут за прикажувањето општествено-политички плурализам. Од реципиентска точка на гледиште, целиот комуникациски процес во ТВ Дневникот 2 – сосем очекувано, се сведува на приказ - упростен, биполарен ривалитет ВМРО ДПМНЕ/СДСМ, било на ниво на нивните партиски активности, било во домените на раководните позиции на државните институции. Оттаму, пак, и четириминутната разлика во релативно малите, чисто - информативни (трансмисиски обезбедени) минутажи, отстапени за поединечните активности на овие партии во период од десет дена, буквално се сведува на еден прилог (извештај) од одложено судско рочиште за случајот „Пуч", во кој од објективни причини не се појавува претставник на ВМРО ДПМНЕ (па поделбата на минутажата за прилогот статистички не се распоредува и во прилог на владејачката партија), и куси реакции на СДСМ адресирани до министерства, до органи на државната управа или до јавни претпријатија, при што новинарски сосем соодветно е проследен ставот/одговорот на споменатиот адресат, а не на владејачката партија.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| МРТ 1 | | | |
|---|---|---|---|
| Политички субјект | Траење | Процент | |
| СДСМ | 00:14:21 | 8,30 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:05:04 | 2,93 | % |
| Влада на РМ | 00:27:17 | 15,77 | % |
| Јавно обвинителство | 00:02:30 | 1,45 | % |
| Други субјекти | 00:27:25 | 15,85 | % |
| Граѓански сектор | 00:17:47 | 10,28 | % |
| Судство | 00:05:28 | 3,16 | % |
| Специјално обвинителство | 00:02:05 | 1,21 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:07:30 | 4,33 | % |
| ЛДП - Либерално-демократска партија | 00:00:38 | 0,37 | % |
| Без субјекти | 00:06:36 | 3,82 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:21:13 | 12,26 | % |
| АРМ | 00:00:39 | 0,38 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:01:18 | 0,75 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:07:25 | 4,29 | % |
| ДИК и други органи | 00:01:28 | 0,85 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:10:16 | 5,93 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:47 | 1,61 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:44 | 0,43 | % |
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:00:33 | 0,32 | % |
| ОМ - Обединети за Македонија | 00:00:33 | 0,32 | % |
| ППД - Политичка партија Достоинство | 00:00:33 | 0,32 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:00:33 | 0,32 | % |
| МААК - Конзервативна партија | 00:01:03 | 0,61 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:01:29 | 0,85 | % |
| Демократски сојуз | 00:01:23 | 0,80 | % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:00:58 | 0,56 | % |
| Либерална партија | 00:00:36 | 0,35 | % |
| Претседател на РМ | 00:01:04 | 0,61 | % |
| ФРОДЕМ | 00:00:19 | 0,18 | % |
| МОРО - Работничка партија | 00:00:19 | 0,18 | % |
| ДЕМОС | 00:00:19 | 0,18 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:44 | 0,42 | % |
| | **Вкупно: 02:53:00** | **100** | **%** |

Правно-политичките импликации што ги имаа сообраќајните прекршоци предизвикани од Диме Спасов, дополнителниот - заменик министер за труд и социјална политика, беа во фокусот на неколкудневен информативен интерес за ТВ Дневникот 2 на МРТ1, обработени со приказ на повеќе релевантни гледишта за настанот - од официјалните ставови на Министерството за внатрешни работи и на Министерството за труд и социјална политика, преку ставовите на Агенцијата за вработување и личната верзија на дополнителниот заменик - министер, до партиските ставови на ВМРО ДПМНЕ и на СДСМ.

Во однос на забраната за емитување македонска музика, емитувани се различните верзии и меѓусебно адресираните ре-акции на Министерството за култура и на ЗАМП, а таков е новинарскиот приод и за дилемата – колкава е вистинската големина на јавниот и на државниот долг, за која се прикажани ставовите на Министерството за финансии, на дополнителниот - заменик министер за финансии Кире Наумов, на повеќе политички партии, но и размислувањата на економски експерти/универзитетски професори. Тематски поврзано, емитувани се новинарски извештаи за стабилноста на банкарскиот систем и на бизнисот на осигурителните компании, како и за мерките што ги преземаат стопанските комори во соработката со државата, за поддршка на странските инвестиции и на домашните средни и мали претпријатија.

Од повеќе аспекти внимание му е посветено и на гасењето на печките од „Југохром", при што се земени предвид официјалните изјави и на раководството и на Синдикатот на Комбинатот, како и соопштението од Државниот инспекторат за животна средина.

Од доменот на државната политика во областите – култура, образование, безбедност и меѓународна промоција на економската соработка – посебен информативен интерес, главно обликуван во новинарски извештаи, привлекоа: меѓународната „Конференција за меѓурелигиски и меѓуцивилизациски дијалог", што се одржа во Битола; примена на образовната Кембриџ-програма и во средното образование, промовирана од Мајкл О' Саливан, претставник на Меѓународниот центар за наставни програми од Кембриџ, и од Весна Хорватовиќ, директорката на Бирото за развој на образованието; соработката на АРМ со копнените сили на САД во Европа; отворањето погон од „Леар", производителот на делови за автомобилска индустрија; мултилатералните средби што во Рига, на меѓународниот самит „Кина и 16 земји од Европа", ги оствариле премиерот Димитриев, министерот за надворешни работи Попоски, и вице-премиерот за економски прашања Пешевски. За очекувањата од Извештајот на Европската комисија за демократскиот напредок на Република Македонија, во Дневникот 2 консултирани се: министерот за евроинтеграции Арбр Адеми, универзитетскиот

професор Ивица Јосифовски, и аналитичарот Бојан Маричиќ, од Македонскиот центар за европско образование.

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| МРТ1 | | | |
|---|---|---|---|
| **Субјект** | **Траење** | **Процент** | |
| СДСМ | 00:06:11 | 10,37 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:02:49 | 4,73 | % |
| Влада на РМ | 00:08:13 | 13,79 | % |
| Други субјекти | 00:08:24 | 14,09 | % |
| Граѓански сектор | 00:08:02 | 13,48 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:05:22 | 9,00 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:05:18 | 8,89 | % |
| АРМ | 00:00:22 | 0,62 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:00:13 | 0,36 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:30 | 0,84 | % |
| Судство | 00:00:50 | 1,40 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:03:47 | 6,35 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:40 | 2,80 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:20 | 0,56 | % |
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:00:20 | 0,56 | % |
| ОМ - Обединети за Македонија | 00:00:13 | 0,36 | % |
| ППД - Политичка партија Достоинство | 00:00:10 | 0,28 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:02:35 | 4,33 | % |
| МААК - Конзервативна партија | 00:00:36 | 1,01 | % |
| Демократски сојуз | 00:01:19 | 2,21 | % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:00:40 | 1,12 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:00:28 | 0,78 | % |
| ФРОДЕМ | 00:00:10 | 0,28 | % |
| ДЕМОС | 00:00:16 | 0,45 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:32 | 0,89 | % |
| Претседател на РМ | 00:00:16 | 0,45 | % |
| | **Вкупно: 00:59:36** | **100** | **%** |

Во десетдневниот период од 1 до 10 ноември, од активностите на носителите на функциите на власта, најзастапен е Никола Тодоров, министерот за здравство, но поради актуелноста на случајот со скопските основци затруени од енергетски пијалак, во Дневникот 2 беше забележително проследена и општествената реакција и официјалниот став на Агенцијата за храна и ветеринарство по однос на безбедноста на храната што се консумира во државата. Важност му беше дадена и на ревизорскиот извештај за трошењата буџетски пари, направени во Министерството за образование, извештај доставен до Основното јавно обвинителство.

Од тековните судски процеси што имаат пошироко општествено-политичко значење, редовно беа следени судските рочишта во Основниот суд Скопје 1, за случајот „Пуч", како и сведочењата на Мијалков, некогашниот раководител на УБК, за истрагата од случаите „Трезор" и „Тортура", што ја води Специјалното јавно обвинителство. Поради поширокиот јавен интерес, во новинарскиот фокус се најдоа и - физичкото

насилство во ГОБ „8 Септември", консеквентно проследено со штрајк на докторите и на медицинскиот персонал, но и судските процеси и уривањето бесправно доградени катови врз повеќекатница во центарот на Скопје, во кои се инволвирани личности од различни инстанци на судството и на локалните градски власти.

Хронолошки, кон крајот на десетдневниот период за мониторингот, приоритет во структурата на ТВ Дневникот 2 им е даден на домашните политички одгласи по изборот на Доналд Трамп за претседател на САД, и по Извештајот на ЕК за демократските процеси во Република Македонија.

Освен веќе споменатите прилози за ривалитетот меѓу ВМРО ДПМНЕ и СДСМ, што се проследени кусо но секојдневно, преку вести (во низа), соопштенија, изјави и извештаи, во Дневникот 2 место најдоа и партиските активности на новоформираните коалиции - „ВМРО за Македонија" и „Коалицијата за промени и правда", потоа работните средби - Заев/Фајон, пратеничка од редот на социјалдемократите во Европскиот совет, Груевски/Ахмети/Тачи со ЕУ-пратеникот Кнут Флекенштајн, одделните партиски собири на униите на жените - членки на ВМРО ДПМНЕ и на ДУИ, потоа Конгресот на СДСМ за објавување на листите со кандидатите за пратеници, како и обновувањето на партијата МААК. Од партиските недоразбирања и несогласици меѓу ВМРО ДПМНЕ и СДСМ, како и опозициските критички рефлексии врз работата на различни нивоа од министерствата и од органите на државната управа, произлегоа прилозите за тоа: дали навистина (не) се реконструира патот Кочани-Делчево (активност на СДСМ/реакција на Министерството за транспорт и врски), дали навистина со гасењето на „Југохром" власта остави 720 вработени на улица (активност на СДСМ/реакција на ВМРО ДПМНЕ), дали навистина Агенцијата за храна и ветеринарство молчи за (не)квалитетот на храната (активност на Љупчо Николовски, дополнителниот заменик-министер за земјоделство, шумарство и водостопанство/реакција на АХВ), барање оставка од Оливер Спасовски, техничкиот министер за внатрешни работи, активност на дополнителниот заменик-министер за внатрешни работи Оливер Андонов.

Прилозите за организацијата на изборниот процес се однесуваат на работата што ја врши Државната изборна комисија за отворање увид во избирачкиот список, регистрација на спорните гласачи и за регулација на начинот по кој ќе гласа дијаспората, но известено е и за меѓународниот мониторинг што ќе го реализира ОБСЕ/ОДИХР, како и за граѓанската платформа „Мојот глас моја одговорност" под која се обединети ромски здруженија што ќе распоредат свои набљудувачи на изборниот процес. Од другите општествени области во кои се допираат граѓанските иницијативи и владината политика, забележително информативно време му е дадено на отвореното владино-граѓанско партнерство за транспарентност на институциите, потоа на истражувањето направено од Македонскиот центар за европско образование, во кое основното прашање било – Дали граѓаните веруваат во тајноста на гласањето?, потоа за наодите на Институтот за европска политика по спроведената евалуација на владеењето на правото, како и за конференцијата на тема – Како да се одвои државата од влијанието на политичките партии?, организирана од „Мост", граѓанската асоцијација за набљудување на изборите, во соработка со фондацијата „Фридрих Еберт". Од темите што не произлегуваат директно од делокругот на Предвремените парламентарни избори, во Дневникот 2 место најдоа и превирањата во Синдикатот на одбраната и безбедноста, поддршката од медиумската заедница за новинарите од „Утрински весник" по најавите за драстични смени во кадровската структура, казната од 500 евра за родителите што одбиваат да ги вакцинираат децата, и коментаторскиот осврт за неопходната државна и институционална поддршка поврзана со грижата за македонскиот јазик и писменост.

***Посебни информативни емисии***

*Дебати*

На 1 ноември, во емисијата „Од наш агол" (20:20 часот), емитувана е четириесетминутна дебата на тема: Политичкиот амбиент во пресрет на Предвремените парламентарни избори, а дебатираа - Чедомир Саздовски од ГРОМ и Маја Морачанин од ДОМ. Емисијата е репризирана на 2 ноември од 15:30 часот, и на 4 ноември од 1 часот по полноќ.

На 3 ноември, во емисијата „Акцент" (19:45), едночасовна дебата на тема – здравствена политика, водеа: Никола Тодоров - ВМРО ДПМНЕ, Гоце Чакаровски – СДСМ, Насуф Ипчија – ДУИ, Мерал Ферати – ДПА. Дебатата е репризирана на 4 ноември од 16 часот, и на 6 ноември од 2:30 часот по полноќ.

На 8 ноември од 22 часот во емисијата „Од наш агол", реализирана е дебата за – улогата на жената во актуелните политички процеси, а гостуваат: Добрила Андоновска од ГРОМ и Марија Тодоровска од НСДП. Дебатата е репризирана на 9 ноември од 15:30 часот.

На 10 ноември од 21 часот, во емисијата „Акцент", емитувана е предизборна дебата помеѓу: Маја Морачанин од ДОМ, Емил Анастасов од ДЕМОС („Коалиција за промени и правда"), Ивон Величковски, од ЛП, Никола Тасев од ВМРО НП („ВМРО за Македонија"), Панчо Минов од ГРОМ.

***Сектор за програмски работи***